## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Седумдесет и деветтата седница на Собранието на Републи Македонија, одржана на 13 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 15,19 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по Седумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, свика на 13 ноември 2007 година во 15,00 часот.

Дами и господа пратеници, ја отворам Седумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците; Љубчо Георгиевски, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Арбен Џафери, Фљора Кадрију, Оливер Шамбевски, Владо Бучковски, Весна Бендевска, Тале Герамитчиовски, Славица Грковска, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Јани Макрадули, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Никола Поповски, Никола Рилковски, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Верица Филипова, Радмила Шекеринска и Благородна Цветковска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги молам службите уште еднаш да пребројат, класично е подобро. Да се преброиме за да знаеме точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на 23 пратеници.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 гласале за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам селдниот дневен ред - Информација за случувањата во село Бродец, Тетовско на 7 ноември 2007 година.

Предложениот денвен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите 66 гласале за.

Значи за денешната седница го утврдивме следниот денвен ред:

**Прва точка - Информација за случувањата во село Бродец, Тетовско на 7 ноември 2007 година.**

Информацијата ви е поделена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

Процедурално господин Рафис Алити.

Дали има и други процедурални интервенции? (Нема)

Другите се за збор.

Повелете господине Алити, вашите процедурални три минути.

**Рафис Алити:** Мислам дека ќе беше подобро да објасните кој ја даде информацијата во однос на настаните во село Бродец, дали Министерството за внатрешни работи кое што мислам дека кога се свикуваат вакви седници треба да даде инфорамција, или пак се повикувате на инфорамцијата која што е дадена од парламентарната група на Демократската партија на албанците. Значи, ќе биде добро ние како пратеници да знаеме врз основа на која информација вие ја свикувате оваа седница. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагачот е должен да даде образложение и кратка информација од своја страна, а тукаимаме присутен претставник од Министерството за внатрешни работи.

Нема повеќе, сите за за збор. Има ли други процедурални интервенции" (Нема).

Во тој случај збор има господинот министер за внатрешни работи.

(Реакција на пратениците во салата - предлагачот треба да даде образложение).

Затоа прашав има ли некој. Образложение за итнос дава предлагачот и затоа прашав.

Има збор господинот Тачи.

Инаку, има во пријавата една основна инфорамција.

Повелете господине Тачи.

**Мендух Тачи:** Благодарам господине претседател.

Мислам дека барањето за да се добие точна информација од Министерството за внатрешни работи за настаните во село Бродец направена од групата на ДПА и подржана и од други пратеници има цел, а таа цел може да се каже дека е добронамерна цел.

Во прв ред граѓаните на Република Македонија имаат право да се информираат на точен и прецизен начин и правилно што се случило во Бродец.

Второ, верувам дека е добро овде да ги соочиме нашите аргументи кој ја говори вистината, а кој лаже.

Ова на сите страни ќе им помогне побрзо да дојдеме до точен заклучок кој заклучок би бил афирмативен за граѓаните на Република Македонија, за самата Македонија и за само политички процес кој се одвива во Македонија.

Имајки во предвид дека тоа може лошо да се толкува во јавноста, тоа што вчера ДПА не даде подршка на барањето за инфорамција или да се расправа за настаните во Бродец ние денеска одлучивме ова барање да го иницираме и немаме желба да го цениме дека е наше или на некој друг, но не е некаков проблем да се рече на некој друг, ние го подржуваме ова барање.

Верувам дека сите ќе бидеме доследни, консеквентни, овде не е судска арена каде ќе се изнесе вистината, судската вистина, туку ова е политичка арена каде ќе ги пренесеме нашите политички аргументи.

Присуството на овој соодветен број пратеници ќе го даде својот придонес во објаснувањето на оваа состојба. Верувам дека сите тие кои ја поддржаа оваа иницијатива нема да прават лични злоупотреби и партиски злоупотреби во врска со заклучоците кои ќе се потрудиме да ги донесеме како Парламент во врска со овие настани.

Дефинитивно господине претседателе, дозволете ми да искажам жалење за непристуството на парламентарната група на СДСМ, најголемата опозициска партија. Би сакал јавно да ги поканам, тие се тука некаде, во близина, во бифето некаде, да влезат во парламентарната сала и да имаме една плодана расправа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Тачи.

Од приајвените има ли за реплика...

(Реакција на некои пратеници од место)

Да, да, сигурно реплика. Реплика си е реплика, говор си е говор. Сега се јавувате за реплика.

Рафис Алити и Ружди Матоши се за говор, а не за реплика.

Господине Алити вие сте за говор, или за реплика? (За говор).

Сега не е приајвен, кога ќе се пријави ќе добие збор. Сега е реплика, повелете реплика.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван колега Догани, не ми е јасно дека во оваа фаза без право на реплика сум, меѓутоа во интерес на расчистување на некои одредени работи, за кои што личнокако пратеник сметам дека во оваа држава има приоритети, ние денеска имавме седница со дневен ред каде се утврдуваше одговорноста на заменик минситерот за неговото работење, мое право е да гласам за или против дали е одговорен или не и сметам дека начинот на кој што беше прекината претходната седница беше некоректен и јас со своето размислување сметам дека оваа седница можеби треба да се одржи, меѓутоа не на ваков начин и во овој формат и без имање вистинска информација.

Сметам дека господинот Заменик министер ќе ми каже се што има и најверојатно ќе бараме еден час или час ипол за да ги добиеме стенографските белешки пауза и сметам дека овој ден сме го изгубиле.

Соглед на тоа дека госпоѓа Викторија Нулан пред недела дена беше тука, ни рече дек ание имаме приоритети, дел од тие приоритети беа одредени точки што ние ги имаме на денешната седница, која за жал е прекината, едната беше Судскиот своет, другата беше избор на заменици обвинители, односно завршување на судските реформи, затоа сметам дека можеби оваа точка вака како што е поставена, иако гласам за неа е некоректно, затоа што сметам дека ова расчистување, вчера имаше желба од ДУИ да се расправа за дел од настаните во Бродец затоа што сите политички партии, граѓаните на Република Македонија ја пдоржаа акцијата на полицијата, меѓутоа дле од политичките партии сметаат дека во реакцијата на полицијата внатре имало одредени пречекорувања на овластувања. Тоа да, меѓутоа ние откако ќе добиеме релевантни податоци и вие, верувам дека заменик минситерот ќе ни одговори и каде и што правел во тоа време во Бродец ние ќе ја имаме тоталната инфорамција.

Мојата сугестија беше, бидејки сега веќе не може да се повлече оваа точка, ставена е на дневен ред некоректно е заради препукување на две политички партии Република Македонија да биде заложник. Сметам дека ние како Парламент, како Влада, како граѓани на Република Македонија мора да имаме агенда и зато ајас верувам, колегата Оровчанец денеска имаше прес конференција и ние како Парламент и како политички партии треба да се договориме што е во агендата на Република Македонија што треба да се сработи. Ние ќе мора да цениме приоритети.

Сметам деак ова, без оглед на безбедносната состојбата, безбедносната сосотјба е добра полицијата реагирала како што реагирала, успешна акција,оценета од сите, времето ќе покаже дали тие таму што биле или не биле имале право или не.

Јас лично сметам со укажување драги колеги колку и да ви е смешно, ние имаме поважни работи, а за ова можеме да расправаме на Комисија за безбедност на Собранието и со подготвен материјал од Министерството за внатрешни работи, да расправаме дали полицијата во рамките на она што го имала како овалстување ги пречекорила своите овластувања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Гоасподине Рахиќ јас ви благодарам за вашата реплика.

Има ли господине Тачи контра реплика на господинот Есад Рахиќ. (Нема)

Има збор господинот заменик министр за внатрешни работи Рефет Елмази, повелете.

**Рефет Елмази:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Информација за претходно планираните и координирани активности на Министерството за внатрешни работи.

Имено, добиени се оперативни сознанија дека лицата Лирим Јакупи 28 години, викан нацист од Приштина, Косово баран по меѓународна потерница за напад на овластено службено лице со употреба на огнено оружје, убиство во обид врз овластено службено лице, недозволено поседување на оружје и распрскувачки материјали и бекство од затвор од Косово.

Амети Хебиб 26 години од село Бродец Тетовско, баран по меѓународна потерница за убиство,осуден на доживотен затвор.

Фатос Алијај 30 години, викан Тоси од село Шенгин Република Албанија. Баран по меѓународна потерница за разбојништво, грабнување и други кривични дела.

Амери Сопа 29 години, викан Командант Голем Дреница од Дреница Република Србија Косово, баран по меѓународна потерница, тероризам, разбојничка кражба и бекство од затворот во Косово.

Метин Ислами 25 години викан Талибани од Скопје и Рамадан Шити 24 години од Приштина Косово, баран по меѓународна потерница за тероризам, разбојништво, бекство од затвор од Косово, се наоѓаат во територијата на Република Македонија, во реонот на селата Бродец, Вешала, Шипковица Тетовско и истите формирале група со ставена од македонски државјани Амети Фурим, Беќири Бафќар , Даути Рахметула, Дервиши Ханиф, Даути Шкендим, Амети Измит, Ислами Мегди, Зибери Невзад, Зибери Шахир, Даути Тафил и сега починатите Шаини Ферат, Фејзулаи Фидан, Гавази Имер, Амети Фисни и Дисер Синами со намера да го загрозат уставниот поредок и безбедноста на Република Македонија со насилство, со што би создале несигурност и страв кај граѓаните и за која цел истите набавиле поголема количина на разновидно огнено оружје и тешко вооружување кое било наменето за вршење на терористички акции, како и муниција, гранати и ракети од разна марка и разен калибар. Поголемо количество на воена опрема и униформа, а истите лица во горенаведениот реон изработиле повеќе фортификациски објекти.

Порадинаведените сознанија формирана е работна група составена од овластени службени лица од УБК, Јавна безбедност и врз основа на планирани и координирани активности на 7.11.2007 година во претходно наведените реони преземени се службени дејствија за лишување од слобода на гореспоменатите лица, при што од нивна страна е пружен активен отпор со употреба на огнено оружје и распрскувачки материи, на што согласно законските одредби е употребена сразмерна сила и огнено оружје со цел одбивање на нападите и неутрализирање на лицата.

По завршување на полициската акција извршен е увид на лице место од страна на истражен судија од Основен суд Тетово и основен Јавен обвинител од Тетово.

Од страна на крим техника настанот е фотодокументиран, за што е изготвен фото албум и пронајдени се предмети, автоматски пушки, шмајзери, тешки митрољези, рачен ракетен фрлач, минофрлач, безтрзаен топ и други ниско експлозивни направи, кои се дадени на вештачење на крим техника при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

Одделот за крим техника на Министерството за внатрешни работи изврши вештачење на експлозивни средства, при што е констатирано дека се работи за пластичен експлозив, преован експлозив - тротил, детонаторски126 капсли, електрични детонаторски каписли и три електронски дигитални часовници, тајмери, кое вештачење ќе биде составен дел на поднесената кривична пријава.

За останатиот дел од огнено оружје дополнително ќе биде доставен извештај за вештачења.

На ден 8.11.2007 година од страна на организиран криминал од одделот за организиран криминал до Јавното обвинителство на Република Македонија, одделение за гонење на строители од облста на организиран криминал и корупција поднесен е посебен извештај против пријавените лица.

Од страна на истражен судија од Основниот суд Тетово на пријавените лица освен на 1.10 пријавени лица кои не се пронајдени е одредена мерка притовор со траење од 48 часа.

По завршувањето на акцијата направен е увид на местото на настанот од страна на истражен судија, Основен јавен обинител Тетово, крим полициски екипи на Министерството за внатрешни работи.

Запленето е следното количество оружје кое што дополнително ќе се вештачи и ќе биде доставено со останатиот доказен материјал.

Три минофрлачи. Два со калибар од 60 мм и еден со калибар од 82 мм.

111 минофрлачки гранати со калибар од 82 мм и 152 минофрлачки гранати со калибар од 60 мм.

Два бесповлечни топа со 40 гранати, противоклопен електронски уредувач, ракетен систем фаго, два ракетни фрлачи оса со 7 ракети, ракетен фрлач на гранати 6 калибар 40 мм, со поголемо количество муниција за истиот.

Рачни бомби Ф-1, 58 парчиња, 61 против пешадиска мина, 132 гранати со рачен ракетен фрлач против тенковски нагазни мини 29 парчиња, 4 снајперски пушки, 10 автоматски пушки, по една полуавтоматска, ловџиска и боева пушка, 6 рачни ракетни фрлачи РТГ, 4 противавионски лансери земја-воздух марка

стрела, 9 рачни ракети фрлач на зоља. 31 тротилски полнења, како и 5 пакувања со пластичен експлозив. Електрични и детонаторски каписли, електронски уреди и електронски склопови. Голема количина на пешадиска муниција и поголема количина на војни прирачници и друга литература.

На ден 10.11.2007 година Одделот за организиран криминал до Јавното обвинителство на Република Македонија, Одделение за гонење на сторители од областа на организиран криминал и корупција поднесе кривична пријава против лицата: Лирим Јакупи, 28 години викан Нацист од Приштина - Косово, Фатос Алијаи 30 години викан Тоси, од с.Шенгин Република Албанија, Амир Сопа 29 години викан Командат Голема Дреница од Дреница, Р.Србија - Косово, Метин Ислами викан Талибани од Скопје, Амети Хебиб од село Бродец - Тетово, Амети Флурим 23 години, с.Бродец - Тетово, Бекири Бафќар 44 години од с.Бродец - Тетово, Даути Рахметула, 25 години од село Бродец - Тетово, Аријани Невзат 54 години од село Бродец - Тетово, Дервиши Ханиф 51 година од с.Бродец - Тетово, Даути Шкендим 25 години од с.Бродец - Тетово, Амерти Измит 55 години од с.Бродец - Тетово, Ислами Мегди 27 години од с.Мала Речица - Тетово, Зибери Невзат 44 години од с.Бродец - Тетово, Зибери Шехир 29 години од с.Бродец - Тетово и Даути Тафил 40 години од с.Бродец - Тетово, заради постоење на основано сомнение дека сториле кривични дела: Терористичка организација казниво по член 394-а од КЗ на Република Македонија и недозволено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материи, казниво по член 396 став 2 од КЗ на Република Македонија.

Ова е информацијата од Министерство за внатрешни работи за планираните активности и мерките кои се преземени.

Само уште еднаш да повторам дека за Лирим Јакупи, Шехир Рамадан, Амир Сопа, Алијај Фатос,Амети Хебиб и Асани Дурмиш има меѓународна потерница и во соработка со Интерпол сето тоа е потврдено.

Благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ви благодарам, господине заменик министер.

Дали има реплики?

За реплика се јави господин Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Не реплика. Најпрвин сакам да ми дадете збор да ви кажам зошто се јавувам, а не да парафразирате дека сум се јавил за реплика.

Во име на парламентарната група на ДУИ, барам еден час пауза. Веруваме дека стенографските белешки од говорот на господинот Рефес Елмази ќе ни се дадат, претпоставувам за 40 минути, а за тоа време парламентарната група и пратеници да имаат можност за 20 минути да се подготват и да прочитаат што се се кажа во однос на настаните во Бродец.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. По барање на господинот Алити, координатор на пратеничката група на ДУИ, давам еден час пауза.

**Рафис Алити:** И стенографските белешки да се подготват и да се поделат.

**Љубиша Георгиевски:** Се разбира паузата за да се изготват и да се поделат стенографските белешки.

(Паузата е дадена во 16,55 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,00 часот)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, зашто ќе продолжиме со седницата.

Продолжуваме со седницата после паузата.

Гледам дека господинот Рахиќ Есад не е тука, значи сега збор има господин Алити Рафис.

**Рафис Алити:** Ви благодарам почитувани пратеници, почитувани присутни.

Парламентарната група на ДУИ побара вчера да се расправа и да се повика една ваква седница, а денес се свика по иницијатива, се разбира, на парламентарното мнозинство ВМРО ДПМНЕ - ДПА. И, тука нема ништо лошо, напротив ова е секако добро. Но, лошото е во тоа дека денес овде треба да биде госпоѓа Јанкуловска, а не господинот Рефет Елмази од причина што само по себе се прекина седницата по интерпелацијата и се свика оваа седница, говори доста дека некој сака масакрот кој се случи во селото Бродец кон невини граѓани да ја покрие интерпелацијата. Значи, парламентарното мнозинство да го стави под своја грижа заменикот министер за настаните кои се случија во Собраниево, а не во Бродец. Но, ова е една стра тегија на Парламентарното мнозинство, во политиката и овие маниеври се дозволени. Велам, очекувавме денес да биде овде госпоѓа Јанкуловска од многу причини, затоа што во Тетово и околината во минатите недели се случија многу настани. Се случи Бродец, селото Одри, тепањето на еден млад човек од селото Одри, како што тој вели од униформирани лица или Алфи како што ги викаат итн. И, не случајно вчера реков дека акцијата која се одвиваше во село Бродец, освен полициските сили и воените сили, имаше и парамилитарни сили. Лошото е во тоа дека во текот на времето кога избегнатите се гледаат на интернет дека лежат на земја, тие лица не комуницираат ниту на македонски, ниту на албански јазик, туку комуницираат на еден друг јазик на една соседна држава. Сигурно дека вие знаете за која држава ми е зборот. Сето ова ја докажува тезата на српскиот претседател Тадиќ, кој пред извесно време во ООН изјави дека во Западна Македонија има кампови за обука, екстремни албански групи. Нешто што не е точно и не држи. Ова го велам со целосна убеденот, не е вистина дека има кампови за обука, но за жал оваа Влада и нејзиниот калиционен партнер ДПА ја докажува тезата сакање или не сакање, свесно или несвесно. Но, уште еднаш ќе ви кажам, кампови за обука немало и нема во Западна Македонија. Во излагањето на господинот Рефет Елмази никаде не се спомнаа одметнатите кои се

зедоа од селото Бродец, не се испратија директно во затвор, туку се испратија во болниците во Скопје или во државната болница во Скопје.

Се поставува следново прашање. Зошто? На граѓаните ова им е познато, а и на вас ви е познато тоа дека врз овие граѓани е извршено насилство врз нив е постапувано како што не треба да се постапи, било тие да се како што сакате да ги наречете или како што нас не нарекле во 2001 година како терористи. Но, како и да е ова е ваш пристап, вие да мислите така како што вие цените. Се презеде една акција, покрај тоа што слушнавме за лицата кои имале меѓународна потерница. Не значи дека секое лице кое има потерница е и криминалец. Не значи дека секое лице кое има потерница треба да се ликвидира. Правото за ликвидација го нема и полицијата напротив има други методи, тие кои имаат потерница да се фатат и да се приведат. Кои се тие методи, сигурно дека полициските служби ги знаат подобро. Никогаш како политичка партија не сме се ставиле во заштита на лицата кои имаат потерница, но нејзините граѓани секогаш сме ги ставале под наша заштита и понатаму ќе постапуваме така, затоа што во Бродец се изврши насилство врз невини граѓани. Тука е разликата меѓу тоа што ние го говориме и тоа што за цело ова време од средствата за јавно информирање и од Министерство за внатрешни работи се труди да се наметне наводно дека ние ги штитиме и ги браниме лицата кои имаат потерница. Реков дека би било добро овде да биде присутна госпоѓа Јанкуловска која треба да ни даде објаснувања за случајот во селото Одри. Ова го велам од причина што тука се и претставниците на ДПА. Доколку господата имале информации дека ДУИ или некој од оваа партија го ликвидирал Џавид Морина требаше денес Министерство за внатрешни работи ова да го докаже. Доколку некој има информација, а треба да ја има Министерство за внатрешни работи кој го зеде Неџмедин Јашари од село Одри и го држеше неколку часови во непознати локали каде што се малтретираше, како што е малтретиран и како што вие сте го виделе на телевизиските екрани и органот за внатрешни работи не најде време да се произнесе за тој случај. Денес не најде за сходно да каже кои се тие лица, униформирани со полициска униформа кои извршија насилство врз тоа лице, како што се изврши и така како што тој го опишува сето тоа. Лицето за кое што се говори го спомна и се поставува прашањето кој ги крие имињата. Јас го поставувам прашањето дали во тепањето на тоа лице у чествувал и заменик министерот, затоа што сомнежите се големи. Денес секој, велам секој кој е доверен, кој има доверба на ДПА може да обезбеди еден беџ дека е припадник на Алфите и на не знам кои други сили и да го задржи некој граѓанин на улица и вие како парламентарно мнозинство треба да си го поставите прашањето, каде не води сето ова. Доколку јас се чувствувам несигурен во мојот дом и од тие кои ги плаќаме за безбедноста и да обезбедат безбедност на граѓаните за јас да бидам спокоен, тогаш нормално дека секој граѓанин ќе го штити својот праг на својот дом, бидејќи нема друг излез.

Јас ќе ве потсетам во 1991 година, велам ќе ве потсетам, бидејќи тогаш се случија демонстрциите во Приштина. По неколку н едели се приведоа над 300 млади, тогаш беа студенти и се прогласија за терористи, националисти, сепаратисти и што не друго. Тогашната политика Југословенска или српска политика се задоволуваше со тоа дека се приведоа тие млади лица и подоцна се приведоа и со илјадници други млади и се ликвидираа. Но, зборот не ми е тука, колку се приведени и зошто се приведоа. Јас како млад во тоа време прочитав еден напис, сигурно дека постарите го прочитаа на Владимир Дедиер, тој рече дека со приведувањето на 300 млади лица денес во Југославија се монтирани 300 бомби. Бомби, кои еден ден ќе експлодираат. Зборот ми е во тоа дека приведувањето, малтретирањата како што се направија н а жителите од село Бродец, не се од интерес на Република Македонија, не се од интерес на иднината на оваа земја. Која е политичката превенција во однос на ова? Го поставувам прашањето за да не дојде до тоа што се случи во село Бродец. И ние во нашата Влада имавме вакви случаи. Вие знаете имавме Ваксинце, Кондово, го имавме и Брест, но го имавме и случајот на едно село во Тетовско каде најдобриот ефект беше таму каде што политиката беше во превенција, а не каде што интервенирвме како во Брест. Ова што се интервенираше во Бродец да бидете убедени дека ќе има негативни ефекти. Некој може да ги задоволи своите страсти за моментов и да каже, добро е вака како што се случи во Сител, бидејќи се случило во Бродец хемиско чистење. Јас не знам на што алудирале тие, сигурно дека господата од оваа телевизија и овој медиум знаат подобро на што алудирале. Но, ве уверувам дека тоа не треба да биде политика на актуелнава Влада, а имајќи предвид тоа дека таа телевизиска куќа е подпарол на оваа Влада, политиката на оваа Влада е сосема јасна.

Господа, се говори за лица кои имале потерница или убиства, а убиени не се тие лица или фатени, приведени, не се тие лица, туку се приведени и фатени сосема други лица кои немале потерница.

Се поставува следново прашање, од каде ни е таа военополициска акција со парамилитарци од причина што Алфите и другите формации кои не се и под команда на Министерство за внатрешни работи од време на време за нас се парамилитарни групи. Велам, за нас се паравоени и парамилитарни групи затоа што истите имале судири и со полицијата, униформираната полиција и тоа овде среде Скопје.

Јас во име на Парламентарната група на ДУИ ќе побарам овде да биде присутен министерот за внатрешни работи и да ни даде детални информации во оваа насока. За тоа што се случило во минатите недели во Тетово и околината на Тетово. Доколку овие објаснувања

не се дадат пред поширокata јавност, тогаш е разбирливо и јасно е дека ова што се случува во Република Македонија не е во ред. Не е во ред од многу причини.

Јас уште еднаш ќе побарам и инфорамција од Министерство за внатрешни работи да се комплетира и ние како претставници кои го добивме гласот од народот, денес требаше од господоинот Рефет Елмази да ни се каже во каква здравствена состојба тие жители од Бродец кои се приведени. Нашите информации со кои располагаме ние како парламентарна група се ужасни. Ви велам дека се ужасни од причина што, освен што од Бродец се одведени во Болница, се изнесени од Бродец и се однесени во полициска станица и се претепани се додека некој ги задоволил своите страсти и повторно се вратени во болница. Потоа, се испратени во затворот во Шутка и под присуство на чуварите се претепани.

Почитувани дами и господа, професионалност не е кога некој се предава. Во моментот кога се предава и во борба, се знаат воените конвенции и правилата, како треба да се постапи со луѓето кои треба да се предаваат. Доколку биле инволвирани, полициските сили или групите кои ги спомнав, немаат право да вршат насилство врз лица кои се во лисици. Тие треба да се однесат во затвор, а не да се испратат во полициски станици во Скопје, да се тепаат таму, да им се кршат забите, да им се крши черепот, рацете, а на еден од нив му е исечено и увото. Тоа Македонија не ја води ниту во НАТО, ниту во Европската унија. Затоа, вие можете да ја наречете успешна акција, се убиени неколку млади од по 20 години, можете да ги наречете команданти за да се создаде во јавноста нешто дека сте направиле голема работа. Но, ве уверувам дека тоа не е голема работа, како што се потруди некој да го рекламира пред нашите граѓани. Доколку вашите мотиви биле политички да го покриете Извештајот што го добивме од Европската комисија, за Македонија, доколку вашата порака е да испратите една порака до НАТО структурите, поради името на Македонија, а имавме една средба на претседателот на државата со господинот Никола Груевски каде се кажа, а кога е во прашање името, ние не сме заинтересирани ни за НАТО, да станеме дел од НАТО. Сето тоа да се покрие со акцијата во Бродец, мислам дека не е во ред. Или доколку интерпелацијата за господинот Рефет Елмази, за настаните во Собранието е мотив да се преземе таа акција, мислам дека грешките се големи и тие грешки ќе ги платиме сите заедно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално за збор се јави господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседателе.

Во име на парламентарната група на ДПА барам да работиме до 21,00 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Имаме барања да работиме до 21,00 часот.

Значи ли тоа господине Матоши ако работиме до 21,00 часот дека тука се завршува седницата? (Да)

Барањето на господинот Ружди Матоши да работиме до 21,00 часот и тука да завршиме, бидејќи тие се баратели на оваа седница, го ставам на гласање.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 44 пратеници, сите 44 гласале за.

Ќе дозволите сега да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата за да го прогласиме гласањето легитимно.

Ги молам службите да дадат точен број на присутни пратеници во моментот на гласањето.

Во моментот на гласањето имало 55 пратеници.

Во секој случај гласањето треба да го повториме.

Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата, да влезат, за да можеме да имаме легално и легитимно гласање.

Не можеме да гласаме бидејќи нема доволен број на пратеници за гласање.

Одиме понатаму.

За реплика на говорот на господинот Рафис Алити се јавиле Ружди Матоши, Бесим Догани, Даут Реџепи, Весна Јаневска, Гарип Каба, Агим Рамадани и Абдуладi Вејсели.

Секој кој сега не се јавил за реплика има право да се јави дополнително. Репликите се на регуларен и најлегитимен начин на општење во Парламентот.

Сега му давам збор на заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Почитуван претседателе, пратеникот Рафис Алити тука изнесуваше многу невистини и јас ќе одговорам на неколку негови прашања.

Прво, да објаснам дека полициската акција во село Бродец беше чисто полициска акција, учествуваа силите на Министерството за внатрешни работи, не учествувале други сили, а во никој случај, тоа што го кажува и парамилитарци. Тоа, за парамилитарци ќе дадам одговор малку подолу.

Акцијата која се изведе таму беше успешна заради тоа што нашата цел беше да не ги приведеме, кажавме во информацијата дека пружаа отпор. Во таа акција, во престрелката беа убиени двајца. Еден од нив е лишен од слобода со 30 дневен притвор. Тоа е Фебит Амети кој е осуден на доживотна робија. За овие тројца кои беа со меѓународна потерница, едниот е лишен од слобода, другите се во притвор. За останатите кои се во бегство, Министерството за внатрешни работи презема активности и нив да ги лиши од слобода.

Што се однесува до тоа дека се масакрирани луѓе во Бродец, тоа не е вистина. 99% од населението кое беше сместено во куќите и во подрумите, кога се изведуваше акцијата, никој не настрада, освен

тие што пружаа отпор и отворија оган спрема припадниците на Министерството за внатрешни работи.

Јас тука ќе објаснам некои работи и ќе кажам зошто некој многу ги боли заради оваа успешно изведена акција и зошто се кријат позади цивилите и велат дека се масакрирани, тепани, малтретирани, скршени заби итн. Тоа не е вистина.

Се обраќам до претставниците на ДУИ, ќе слушнете сега изворно, тоа се наши информации од разузнавачките структури, проверени информации, дека вие, откако дојдоа пребегнатите од затворот во Дубрава - Косово, имавте често контакти со нив. Ќе кажам со име и презиме кој колку пати бил таму, со кого се среќавал таму итн. Но да информирам уште нешто. Имено ние како Министерство за внатрешни работи , правевме обид тие луѓе сами да се пријават пред лицето на правдата. Тоа беше и за Хебит Амети, испратена му е порака да се пријави, го имаше случајот на Ровија кога им се придружи другата група, кога вие ги посетивте нив, ги поддржавте. Вие знаете дека оваа акција се најде голем арсенал во тоа оружје. Тоа е формациско оружје.

Точно знаеме дека пред 28 дена е отворен бункерот во село Шипковица каде тој арсенал на оружје е однесен во село Бродец. Во тоа учествувал вашиот претседател на огранокот, Махи од Шипковица, каде со трактор го транспортираше тоа оружје. Вие господине Рафис често пати ги посетувавте, ги посетивте кризните региони, според вас, криминалните групи кои беа сместени таму, почнувајќи од Ваксинце, Танушевци, Бродец и Грчец. Тие криминални групи и тој ден кога беше изведена акцијата, од некои луѓе беше барано и овие да отворат некои кризни точки на критичниот ден кога се изведуваше акцијата на полицијата и од село Грчец. Тоа се проверени информации.

Ве прашувам вас, што бараше Мегди кој е ваш активист, што бараше во Мала Речица, што бараше во Бродец. Што бараше Висар Синани во Бродец. Што бараше Фидан од Шемшево во Бродец. Значи сите овие луѓе кои учествуваа, вооружената група што беше таму, беа поддржани од вас. Знаеме колку пати поранешниот заменик министер за внатрешни работи беше во Бродец, се сретнуваше со нив, а тоа ќе ви го докажам со слики, со документиран аргумент дека вашиот финансов директор на ДУИ, контактот што го имал со Фатос Алијај кој исто така е во бегство. Ние имаме документирани факти дека вашиот финансов директор имал контакти со него во Бродец.

Кој ги снабдуваше со храна? И тоа ќе ви го кажам, но во друга прилика. Значи, не ја лажете јавноста на Република Македонија.

Мене ми е жал што страдаа луѓе, но немојте да се криете и вие позади нив, позади овие млади луѓе, излезете сами. Тоа што ви беше во 2001 година, се криевте позади амблемот на воена униформа итн. Ист ви беше планот и сега со овие криминални групи на четири точки во државата да ни правите исто така акција или проблеми, убиства, како да падне оваа Влада. Тоа нема да ви успее. Ви гарантирам дека нема да ви успее. Немојте да ги носите младите луѓе да гинат, како што сега ги теравте да загинат во село Бродец.

Јас имам уште многу информации, но да не должам повеќе. Уште еднаш повторувам, акцијата беше чиста полициска, без други сили. Акцијата беше координирана и со КФОР и со полициската служба на Косово. Вие знаете дека генералот на полиција на Косово, ден пред тоа беше тука. Исто така беа информирани и меѓународните фактори за нашата акција.

Од оваа акција не се задоволни исклучиво ДУИ, Тадиќ, а можеби и некои други сили. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ве молам ако има реплики на овој говор јавете се да ги запишеме, па кога ќе дојде редот, ќе им дадеме збор.

За реплика се јавија пратениците Рафис Алити, Џеват Адеми, Тахир Хани и Блерим Беџети.

Сега одиме на репликите на говорот на пратеникот Рафис Алити.

Господине Матоши, првата реплика е ваша, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател,

Јас лично внимателно го слушав господинот Рафис Алити при неговата дискусија. Меѓутоа, имав впечаток дека денес отсуството на опозицијата, на СДСМ, има некакво значење, како што имаше значење и отсуството на ДУИ порано. Значи ова ни создава симболика за тоа кој бил во Бродец, дали беше тоа СДСМ, дали беше ДУИ, дали биле СДСМ и ДУИ заедно, или дали бил Тадиќ, Белград, Србија, Русија, ДУИ и СДСМ во Бродец.

Денес кога регионот е во еден демократски развоен и интегративен процес, како во НАТО така и во Европската унија, да имаш таков воено поттикнувачки говор или речник и да поттикнуваш војна на Балканот, посебно во албанските средини каде што многу се работело, тоа е за чудење, тоа е лудило, или пак се раѓа голем сомнеж дека некој работи тука во таа насока и сака да го поттикне ѓаволот.

Ние како ДПА ги знаеме институционалните структури од 2001 до 2006 година колку биле криминализирани и ние сме одлучни и упорни, сите институции да работат конечно според деловниците и правилниците што ги имаат за работа и на тоа ќе опстоиме стоечки и сите пори на криминалност, како во училиштата така и во болниците, факултетите итн, за кои имаме и аргументи, повеќе нема да има такви пори.

Сега во Бродец се случи феномен, се случи акција која ние како ДПА максимално се обидувавме да ја избегнеме. Човекот кој го поттикна ова, кој се нарекува Фебиб имал покана од ДПА да се предаде и да не поттикнува лошо во

тоа село кое тоа не го заслужува. Меѓутоа, тој не слушаше и плус повика и некои други другари. Тоа што го кажа господиниот заменик министер, тоа е повеќе од вистина затоа што во тоа му помагавте и вие максимално, почнувајќи од паштети и други прехрамбени продукти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Алити дали има контра реплика?

Повелете вашата минута господине Алити.

**Рафис Алити:** Очекував од господинот Матоши да ми реплицира со некој негов аргумент, но и тој како заменикот министер се потруди со неаргументирани проценки да се спротивстави на тоа што го искажав.

Јас за многу нешта говорев, а ќе му одговорам на господинот Матоши до колку кажеше нешто со аргументи, се разбира. Паушални обвиненија, како што веќе година ипол има од страна на Матоши во оваа сала на адреса на ДУИ, ние знаеме дека имаше и ќе има, бидејќи тој така мисли. Тој проблем не е на ДУИ. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине Алити.

На ред за реплика е господинот потпретседател Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине претседател.

Само да му кажам на господинот Рафис дека ќе се разочара уште на почетокот дека сите сме исти. Јас и Матоши, кога се говори за вистината, оваа седница ја свикавме за да се расветли вистината, за да ги расчистиме дилемите на населението. Јасно е дека вие тоа не го сакате. Кога ние побаравме да се продолжи работното време до 21,00 часот, сите вие излеговте надвор за да не се продолжи со гласање, затоа што знаете колку сте инволвирани во овие прашања.

Второто прашање што сакам да ви го предочам е дека дефинитивно вие господа стоите зад оваа работа, тоа е повеќе од јасно. Со логистика, со оружје и со се.

Дали знаете зошто стоите зад ова? Стоите зад овие настани само затоа што немате смелост да ја вршите работата за која ги терате овие млади момчиња. Ќе ве молам, заедно со госпоѓа Теута да не ги малтретирате младите момчиња и да ги ставате во беља, туку да си ги земете дома и таму да ги организирате. Би ве замолил да не ги поттикнувате, да не го чепкате населението од Бродец кое има секојдневни проблеми, туку луѓето од Зајас малку да ги ставите во беља да видите колку ќе се измени ситуацијата кога ќе имаат блиски луѓе кои ќе бидат на лидерот и кои ќе бидат засегнати.

Што се однесува до убиството на Џавид Морина вие измисливте, ние не го обвинивме ДУИ дека го уби Џавид Морина, ова јавно и транспарентно, за тоа ве обвини вашиот лидер Али Ахмети и вашата структура од ДУИ за убиството на Џавид Морина од страна на движењето “Бали комбтар”, тоа го имате на интернет и можете да го видите секој ден кога сакате.

Што се однесува до политиката на господинот Тадиќ, на господинот Бранко Црвенковски, на господинот Али Ахмети ова многу пати сме го кажале за тоа која била задачата, нивната улога во овој многу одлучувачки период. Било за независноста на Косово, било за интеграција на Македонија во НАТО, во Европска унија, било во моментите кога Албанците почнуваат да стануваат дел од власта, а не да бидат марионети, министри или заменици министри кои не вршат никаква работа, туку да бидат министри, заменици министри и други актери кои со својата политика активно учествуваат во создавањето и изготвувањето на законите, во подобрување на условите на Албанците. Јас знам дека ова ви пречи, но ова е вистината, земете оружје господа, облечете униформи, повелете, продолжете го тоа што не го завршивте. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Алити, ако имате контра реплика, вашата минута.

**Рафис Алити:** Исто како и Матоши и Догани продолжува со истата реторика. Кој што направил во минатото, го оцени народот, а народот ќе оцени и кој што прави денеска и што правиме за иднината. И за животот на Албанците и за животот на граѓаните на Република Македонија и тн.

До колку некој мисли дека една лага ќе ја повтори 100 пати и ќе му веруваат Албанците, тогаш се лаже себе си, бидејќи така работите не одат. Обвиненијата од типот како што ги кажа Бесим Догани мислам дека не заслужуваат одговор. Кога требаше господине Догани излегов во планина и не повикав никого таму. Ги зедов моите блиски и излегов во планина. Ако треба повторно ќе излезам, велам ако треба, но не кога ти го сакаш тоа. Ме слушна ли?

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Алити.

На ред за реплика е господинот Даут Реџепи, вашите три минути.

**Даут Реџепи:** Ви благодарам.

Почитувани колешки и колеги, за жал на мојата судбина за прв пат во мојата дискусија ќе треба во целиот период што сум присутен во Парламентот сепак ми доаѓа редот или сум обврзан да дискутирам за многу чувствителна точка, за многу болна точка.

Целиот овој период или конкретно кажано трите последни месеци јас гледам стратегија со неколку настани кои соодветствуваа со едно многу јасно сценарио, се разбира под закрила на СДСМ. Ова го велам затоа што сум бил присутен неколку пати кога тие биле тутори на неколку настани почнувајќи од разни провокации, од разни пцуења, навреди, инциденти или поништување на членовите на Законот за знамето и на крајот паралелно со ова во соработка со другите овде се мешаат тезите и наместо на своја лична вина некој ги обвинува другите личности. Во овој случај

сакам да нагласам дека паралелно со ова постојано се вршело пропагирање дека се убиваат борци на УЧК од стана на оваа Влада.

Оваа точка е најчувствителна за мене, најболна за мене затоа што сум поранешен борец на истото, сум дал свој придонес и никогаш нема да се покајам за мојот придонес и сеуште чувствувам одговорност кон сите тие момци кои дале свој придонес на коректен, искрен начин се до жртвување.

Независно од тоа што некој гази по нивните тела или нивната крв сепак ги употребува за секојдневна политика и за некои цели кои се надвор од организмите, надвор од целиот колектив на кого не му е местото да е таму.

Затоа, изразувајќи го својот револт и правејќи споредба со конкретниот случај со поранешните борци на УЧК јас имам многу материјали, знам многу работи, знам дека во затворите се наоѓаат многу момци поранешни борци на УЧК кои со монтирани процеси од страна на поранешната Влада со години се во затворите и денес овој број што е два пати поголем од тие што се во затвори денес излегуваат во заштита на поранешните борци на УЧК.

Јас се согласувам и ја изразувам својата болка со некои точки при кои не треба да страдаат невини момци, борци на УЧК во селото Бродец.

(Опомена од претседателот, бидејќи му изминаа трите минути за реплика).

Не сум стигнал ниту до пола. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Така е правилото, репликата трае три минути.

Повелете вашата минута за контра реплика господине Алити.

**Рафис Алити:** Во однос на борците на ОНА кои се гонат од страна на актуелната власт господине Лека можеме да седнеме и да разговараме, а ќе ви понудам и факти.

Во однос на знамето во мандатот кога јас бев дел од Владата кога се донесе Законот за знамињата Уставниот суд не ја донесе таа одлука така што немојте да ја адресирате оваа вина на ДУИ. Но, тој што сте го избрале вие за премиер, а кој за нас остана и сеуште е Груевски, тој требаше овие работи да ги менаџира за да немаме вакви тензии во Република Македонија.

А, дека се гонат борците на ОНА сигурно можеме да седнеме и да разговараме со тие лица. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓо Јаневска, вашите три минути.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине претседателе.

Господине Рафис Алити ќе се обрнам само на вашиот говор без да навлегувам во други детали. Притоа ќе ве информирам за нешто и ќе ви поставам неколку прашања.

Информацијата господине Алити дека и јас не се чувствувам безбедна во својот дом кога на територијата на Република Македонија се движат вооружени криминални групи, така вели единствената релевантна институција во оваа држава која има право да даде квалификација на тоа, а се вика полиција.

Јас почитувам институции на државата.

Ако полицијата ми соопшти дека во земјата ми се движат вооружени групи, јас се чувствувам многу небезбедна. Притоа, таа вооружена криминална група имала 111 минофрлачки гранати со калибар 82, 152 минофрлачки гранати со калибар 60, два без повлечни топа, топа господине Рафис Алити. Зошто им се, само се прашувам. Па, противоклопен електронски уредувач, па ракетен систем ПА-ГО, два ракетни фрлачи Оса, два ракетни фрлачи Оса господине Алити, ракетен фрлач на гранати, рачни бомби, противпешадиски мини, 132 гранати. Ова е арсенал за војска. Ова не е арсенал, не се фатиле деца на свадба па припукале. Ова е нешто многу сериозно. (Дофрлувања од место). Не знам што биле тоа ќе си каже релевантна институција...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам без дофрлувања господине Рафис.

**Весна Јаневска:** ... која јас ја почитувам, а тука има легитимен претставник на тоа . Секогаш кога имало легитимен претставник секогаш сум го почитувала него, без оглед на се.

Сега би сакала да ви ги поставам прашањата. Но, пред тоа уште нешто сакам да ви кажам. Господине Рафис Алити јас не се чувствувам безбедна кога вие седите во Собранието на Република Македонија и велите јас пак ќе одам во планина, пак ќе си го соберам семејството и пријателите и пак..., што ќе правите? Ќе водите војна? За што? Затоа што некој се чувствува фрустриран што не е на власт? Па, културните луѓе проблемите ги решаваат со договор, разговор. Само фрустрирани луѓе се фаќаат за оружје. За што да направат? Кој е бенефитот од тоа?

Прашањата се од прилика вака. Кажавте информации од наши извори. Што е тоа опозицијата ДУИ или целата опозиција има паралелна разузнавачка служба во Република Македонија? Па, колку ми е мене познато таа е едната институцијализирана и таа треба да каже што и како навистина се случувало. Што значи тоа наши извори. Наши извори вие квалификувате паралелна паравоена информација или јас кога сакам да кажам извор велам граѓаните од Штип...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

**Весна Јаневска:** Се извинувам претседателе уште една реченица, ве молам.

Граѓаните рекоа, ама го имам граѓанинот кој ќе потврди. Тешки квалификации кажавте во Собранието.

Уште нешто, тоа е едната реченица, кои се тие парамилитантни, ве молам, формации во Македонија и дали секогаш кога ќе има потреба некој од опозиционите партии ќе прогласува

присуство на парамилитантни формации во Македонија (опомена од претседателот дека се истечени трите минути за реплика).

Ви благодарам претседателе, конечно треба и опозицијата еднаш да сфати дека во оваа држава има институции кои треба да се почитуваат. Ви благодарам, се извинувам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Алити имате 15 секунди плус бонус за да ја израмниме сметката, повелете со вашата контра реплика.

**Рафис Алити:** Во однос на тоа што го кажав дека ќе одам во планина беше одговорот кон речникот кој го употреби Бесим Догани. Мислам дека нема потреба да бидете адвокат на Бесим Догани, тој е тука и може да говори во однос на тоа.

Во однос на информациите немојте да мислите дека сте на власт и се знаете, а ние не треба да имаме информации. И ние имаме наши активисти на терен кои ни кажуваат што се случува на терен така што не држи тоа ваше обвинение.

За паравоени сили и Брисел и Вашингтон и други цело време зборуваат дека треба да има реформи во полицијата. Имавме убиства и среде Скопје меѓу униформирани полицајци и на овие сили кои ги спомнав. Би било добро госпоѓо Јаневска да ми дадете одговор кој го претепа момчето во Одри, кој го малтретираше до таа мерка дали беа униформирани лица? Тој излезе со име и презиме. Кој презеде мерка Албанците да им веруваат на органите за внатрешни работи. Не е преземена ниту една мерка кон никого и затоа немаат доверба кон органот за внатрешни работи. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Следен за реплика е Гарип Каба, ќе биде и контра репликата на господинот Рафис и тука ќе привршуваме, веќе е 18,00 часот, ќе треба да привршуваме, па после ќе видиме.

Повелете господине Каба имате реплика, господине Алити имате право на контра реплика и тука привршуваме за денеска.

Повелете господине Каба вашите три минути.

**Гарип Каба:** Ви благодарам господине претседател, почитувани пратеници.

Сакам да му реплицирам на господинот Рафис затоа што имаше патетична и емоционална дискусија.

Јас во име на парламентарната група така како што и Демократската партија на Албанците се изразувала изразувам жал и чувствувам жалост за тие момци, за тие жртви кои паднаа во селото Бродец. Меѓутоа, треба да се побара причината зошто тие момци паднаа жртви на една политичка ситуација, на едно сценарио кое го најавија факторите не само внатрешни, туку и фактори надвор од Македонија.

Би сакал на господинот Рафис да му дадам до знаење затоа што тие млади момчиња кои се обидоа да предизвикаат немири и турбуленции за да ја дестабилизираат ситуацијата не само во Македонија, туку и во регионот токму во моментот кога албанското прашање е при крај со решавање, кога статусот на Косово е во крајната фаза, не ни треба конфликтна ситуација до толку повеќе од луѓе кои се качиле на тие планини и се обидоа да ја дестабилизираат ситуацијата. Тие луѓе биле манипулирани од дневната политика на активните политичари што беше истакнато од претходниот говорник односно заменик министерот за внатрешни раоти кои се. Би го замолил Рафис да и нареди на Теута затоа што како командант се нарекувал себе си и се борел во 2001 година, Тута да оди да се облече во униформа и со ѕвезда на чело да оди и да ги предводи тие момчиња на Шар Планина и после ќе се видеше како се излегува на чело со групите заради дневните политики, политики на профитери кои немаат чувства за придобивка на албанското прашање во целост.

Со ова сакам тезите кои господинот ги кажа, виновникот треба да го бараат само кај себе, се знае вината секогаш е сама, сираче, меѓутоа, народот ќе види, ќе се увери во иднината затоа што манипулацијата секогаш останува манипулација, злоупотребата секогаш останува на штета на оние кои не ги сфаќаат овие сценарија. Ние, за среќа, го сфативме сценариото и народот во иднина сигурно ќе ги расчисти овие дилеми.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Алити вашата контра реплика, вашата минута.

**Рафис Алити:** Навистина со жалење можам да кажам дека кажуваш за Висар кој се знае каде беше во 2001 година и каде беше по 2001 година и да ја врзуваш таа работа со Теута не е човечки ниту коректно. Но, можеби во недостаток на информации господинот Гарип така мисли, тоа е негово право така да мисли. Не дека греши, туку многу греши. Но, за обвиненијата дека сум го посетил ова место или друго место, господине, секој соборец независно на која политичка партија и припаѓа од 2001 година јас го почитувам и ќе ги посетувам, а не да ги злоупотребувам истите, туку да влијаам толку колку имам можност тие момци да постапат во потребна насока.

Друго е до колку некој ги наминпулира тие момчиња или нешто друго, дека и тие имаат свои идеали, иако некој од нив постапува во дадени моменти така како што постапува. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи замина 18,00 часот, денеска завршуваме со работа, утре продолжуваме во 11,00 часот, а за дневниот ред ќе бидете дополнително информирани.

(Реакција од страна на пратениците околу утрешната седница)

Ќе бидете известени за дневниот ред.

(Седницата прекина во 18,03 часот)